Република Северна Македонија
Општина Новаци

бр. 09-356/6
03.04.2025 год.
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Врз основа на член 28 и 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02, 202/24), член 62 од Статутот на Општина Новаци Службен гласник на општина Новаци 7/2019) , и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Новаци за 2025 година со бр. 14-864/14 од 30.12.2024 година, Градоначалникот на Општина Новаци го дава следното:

С О О П Ш Т Е Н И Е

за организирање на повторна Јавна презентација и Јавна анкета по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година.

Планскиот опфат на УПС Рибарци се наоѓа во КО Рибарци.Граници на планскиот опфат по границите на парцели се :

Од **најсеверната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат минува низ КП 512, се движи по северната граница на КП 302, се движи по источната граница на КП 302, минува низ КП 308, се движи по северна граница на КП 309, се совпаѓа со источна граница на КП 309, се движи по источна граница на КП 332/1, КП 334, сесовпаѓа со источна граница на КП 335, КП 403, КП 402, КП 401, КП 399, се движи по источна граница на КП 398, се движи по северна граница на КП 397, се совпаѓа со источна граница на КП 396 и стигнува до најисточна точка на планскиот опфат.

Од **најисточната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат се совпаѓа со источна граница на КП 423, се движи по јужната граница на КП 423, се совпаѓа со источна граница на КП 431, се движи по јужната граница на КП 431, се совпаѓа со источната и јужната граница на КП 433, се движи по западната граница на КП 433, минува низ КП 438, се движи по јужната граница на КП 436, се совпаѓа со источната граница на КП 488/3, се движи по северната граница на КП 500/1, минува низ КП 500/1,се движи по источната граница на КП 500/1 и стигнува до најјужната точка на планскиот опфат.

Од **најјужната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува да се движи во северен правец по западната граница на КП 500/1, се движи по западната граница на КП 488/3, минува низ КП 511, КП 475 и КП 476, се совпаѓа со јужната граница на КП 474/2, минува низ КП 471 и КП 480, се движи по западната граница на КП 471, КП 456, КП 458/3 и тука стигнува до најзападната точка на планскиот опфат.

Од **најзападната точка** на планскиот опфат, границата на планскиот опфат продолжува

да се движи во северен правец, минувајќи низ КП 458/3, КП 458/4, КП 456, се движи по граница на КП 456, минува низ КП 511, се движи по западна граница на КП 512 и стигнува до најсеверната точка на планскиот опфат.

Вкупната површина на планскиот опфат на УПС Рибарци изнесува 34.30ха.

Повторената Јавна анкета и јавна презентација по Урбанистички план за село Рибарци, Општина Новаци за плански период 2022-2032 година ќе се спроведе со излагање на Планот во просториите на општина Новаци.

Јавната анкета ќе трае најмалку 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа **од 01,04,2025г и истиот ќе трае до 16,04,2025г** година, секој работен ден од 8,00 до 15,30 часот.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден **18,04,2025 година (петок)** во 12:00 часот во просториите на Општина Новаци.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија • Општина Новаци • Новаци •